**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 19**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): _________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 30 – 31

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, грозд-техника, дискусија, елицитација, игра (анаграми).

**Вештини:** Читање, говорење, слушање.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ја разберат суштината на подолг текст иако содржи непознати лексички единици (преку техники за читање).
**Б) Комуникативни:** Говорна продукција: Да можат учениците самостојно поопширно да комуницираат (усно), односно да го искажат своето размислување на дадена тема: логоа и брендови и нивната поврзаност и привлечност.
**В) Културолошки:** Да станат учениците свесни за значењето на името и логото на светските брендови и колку време и размислување се вложува во одлуката за крајната опција.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла во подолг текст, но и главната мисла во посебните параграфи.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. **Компјутер**
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 19*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Им ги враќа на учениците прегледани писмените задачи од претходниот час.<br>• Како вовед во часот, ги поттикнува прво на дискусија во парови, потоа групна, за брендови и логоа и нивната меѓусебна поврзаност: стр. 30 (веж. 1 и 2).<br>• Ги дискутираат логоата на стр. 30, а може да се покријат прашањата во веж. 1 и 2 преку прикажување на логоата од учебникот (и други логоа) на интерактивна табла, по што следи поопширна дискусија за причините зошто имињата на брендовите се важни.<br>• Ги поттикнува да го дискутираат насловот на новата тематска единица, и да дадат одговори, преку бура на идеи, кои ги запишува на табла. | • Индивидуално ја разгледуваат својата писмената задача.<br>• Дискутираат во парови за брендови и логоа, како и насловот на тематската единица. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 27-32 МИН.** | • Им пушта кратко видео за познати логоа и нивната скриена порака.**<br>• Ја насочува работата кон текстот на стр. 31 (прво, објаснување на *blog*): веж. 3 и 4 – проверка на одговори.<br>• Им дава упатства за веж. 5 (прво, објаснување за како да ја сфатат суштината на посебен параграф), па дискутираат за одговорите.<br>• Дава упатства за вежба со анаграми (објаснување на значењето на непознатите лексички единици - *target, memorable, unique, wordplay, emotional, distinguished, advertisement, manufacturer, consumer, launch, pressure*).<br>• Им дава упатства да ги подвлечат сите модални глаголи кои искажуваат обврзаност, необврзаност и (давање) совет – ги запишува на табла, но подетално наредниот час.<br>• Ги поттикнува на дискусија во парови, потоа групна: стр. 31 (веж. говорење). | • Веж. 3: Го читаат блогот (не на глас) без да застанат и да прашаат за непознати зборови, трудејќи се да ја разберат суштината и да одговорат на прашањето.<br>• Веж. 4: Прво ги читаат дадените прашања, па го слушаат блогот како аудио материјал додека истовремено го следат во учебникот – потоа ги одговараат прашањата во парови.<br>• Ги работат наредните вежби во парови. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 3 МИН.** | • Им пушта кратко видео: имиња на брендови напишани со калиграфија.*** | • Го следат видеото. |

*** Предлог статија (за читање):** https://www.teachingenglish.org.uk/article/making-reading-communicative

**** Предлог видео:** https://www.youtube.com/watch?v=eYqCWBu4pds

***** Предлог видео:** https://www.youtube.com/watch?v=1orjLpX7GbM

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 20**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________

Клас: _________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 32, 123, 130

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Ментална мапа, елицитација, драмска техника *(role-play)*.

**Вештини:** Говорење, читање.

***Цели на часот:*** Обработка на граматички структури, т.е. модални глаголи, и нивната употреба: *(don't) have to / had to / ought to / should(n't) / must*. Фокусот е на точноста на реченичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги препознаат, формираат и разберат специфичните употреби на модалните глаголи: обврзаност, необврзаност и давање совет.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат (усно и писмено) употребувајќи ги дадените модални глаголи во правилната форма и точниот контекст.
**В) Културолошки:** Да станат учениците свесни за содржајното значење на модалните глаголи, и колку треба да се прецизни во нивната употреба за да не дојде до недоразбирање или прекин во комуникацијата.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, препознаат, разликуваат, разберат и применат модалните глаголи за обврзаност, необврзаност и давање совет.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
**4. Кооперативен**
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
**11. Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Група
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
**6. Компјутер (ИКТ)**
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
http://www.onestopenglish.com/grammar/grammar-reference/verbs-and-tenses/modal-verbs-1-article/144870.article
http://www.onestopenglish.com/grammar/grammar-reference/verbs-and-tenses/modal-verbs-2-article/144871.article
http://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/modal-verbs/ability-permission-requests-and-advice

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 20*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Им ги враќа на учениците прегледани статиите (домашна задача) од *Unit 2*.**<br>• Во текот на претходниот час, веќе им беше дадено на учениците да ги подвлечат модалните глаголи (стр. 31), а сега се прави надоврзување на тоа – им дава упатства на учениците да ги напишат глаголите во тетратка, и да ја пополнат веж. 1 (стр. 32, граматика)<br>• Го поврзува знаењето кое учениците веќе го поседуваат општо за модални глаголи – што искажуваат и како се формираат (може да им прикаже и ментална мапа за сите модални глаголи на интерактивната табла).<br>• Ги објаснува кратките правила кои следат (*Rule*). | • Ги следат упатствата за вежбите и ги пополнуваат правилата (*Rule*). |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дава подетално објаснување за формите на дадените модални глаголи и ги пишува на табла (потврдна, негативна, прашална форма – за искажување сегашност/идност/минатост).<br>• Ги појаснува специфичните разлики во употребите и нагласува дека контекстот е многу важен.<br>• Дава упатства за веж. 2 – проверува одговори.<br>• Им дава упатства да го прочитаат текстот како дијалог (во парови).<br>• Дава упатство за првата вежба за Unit 3 (стр. 123 – *Get it right!*), но прво ги споредува употребите, и тоа преку менталната мапа – проверува одговори.<br>• Дава упатства: да го прочитаат текстот *Traffic and transport* на стр. 130 и во парови да работат за да постават најмалку 5 реченици (поврзани со текстот) од различен тип со употреба на работените модални глаголи – во тетратка.<br>• Наставникот ја набљудува работата на секој пар и ги поправа реченичните грешки кои ги прават. | • Како предлог, може по еден ученик да дојде до табла и да ги запише формите на модалните глаголи (наместо наставникот).<br>• Индивидуално ги изработуваат вежбите од учебникот, ги проверуваат во пар, и потоа групно со наставникот. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги поттикнува на дискусија за текстот на стр. 130 преку последователните прашања.<br>• Дава домашна работа: веж. 3 (стр. 32, граматика). | • Дискутираат за прашањата. |

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
http://www.onestopenglish.com/grammar/grammar-reference/verbs-and-tenses/modal-verbs-2-tips-and-activities/144873.article

**** Критериуми:** *исполнетост на задачата (task completion), комуникативна цел (communicative purpose), јазични средства (language), кохерентност (coherence).*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 28.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 21**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 32 – 33

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
**2. Час за утврдување на знаења**
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Грозд-техника, ментална мапа, елицитација, презентација.

**Вештини:** Говорење, слушање.

***Цели на часот:*** Утврдување на лексичките единици и модалните глаголи од претходните два часа, и обработка на граматичката конструкција: *had better (not)*. Фокусот е на говорната продукција.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат значењата на лексичките единици преку нивно дефинирање и поширока употреба, да ги препознаат употребите на модалните глаголи, и да ја разберат употребата на конструкцијата *had better (not)*.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците правилно да ги употребуваат лексичките единици, модалните глаголи и конструкцијата *had better (not)*, и да продуцираат граматички точни реченици (усмено изразување).
**В) Културолошки:** Да можат учениците самостојно да комуницираат со дадените јазични елементи, поточно да умеат да дадат подетален опис, да презентираат и да убедуваат.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да дадат опис, да следат дијалог (усно) и накусо да прераскажат (резимираат).

**Методи:**

1. Демонстративен
**2. Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
**7. Повторување**
**8. Монолошки (усно излагање)**
9. Аудио-визуелен
**10. Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
**2. Индивидуална**
**3. Групна**
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
**2. Списанија/весници (автентични материјали)**
3. Флеш карти
4. ДВД
**5. ЦД**
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 21

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

<table>
<tr><th></th><th>НАСТАВНИК</th><th>УЧЕНИЦИ</th></tr>
<tr><td>ВОВЕДЕН ДЕЛ<br>10 МИН.</td><td>• Ја проверува домашната работа од претходниот час: веж. 3 (стр. 32, граматика).<br>• Дава упатства за воведната вежба – елицитација на лексичките единици од веж. 4 (стр. 32, вокабулар): им дава можност на учениците целосно да се вклучени.<br>• Откако сите лексички единици се дефинирани усно, ги насочува учениците кон веж. 4 – проверува одговори.</td><td>• Еден ученик стои пред таблата и се обидува да објасне/дефинира еден збор од дадените во веж. 1, напишан на ливче кое наставникот му го дава. Другите ученици се обидуваат да го погодат зборот на ливчето (затворени учебници).</td></tr>
<tr><td>ГЛАВЕН ДЕЛ<br>25-30 МИН.</td><td>• Ги поттикнува на дискусија за веж. 5 – работа во парови, потоа групно.*<br>• Работа во групи со по 3-4: им дава едно познато лого, а групата треба да дискутира за тоа како би го опишале нивниот производ и како би убедиле луѓе да го купат тој производ. Време: 3-4 мин.<br>• Им потенцира да ги употребуваат работените модални глаголи во своето усмено изразување.<br>• Охрабрува 1-2 да го презентираат својот производ пред класот.<br>• Ги запишува наредните зборови на табла и започнува дискусија (прво во парови, потоа групна): names, faces, dates, numbers.**<br>• Ги упатува кон веж. 6 (стр. 33, слушање), и нагласува дека потоа ќе го прераскажат (резимираат) дијалогот.<br>• Дава упатства за веж. 7 (второ слушање за конкретни информации).<br>• Ги упатува кон граматичката конструкција had better (not) и ја објаснува: веж. 8 и 9 (стр. 33, граматика).***</td><td>• Учениците работат во групи со по 3-4 и дискутираат за начини за опис на производот и убедување на купувачите.<br>• Учениците ги следат упатствата за наредните вежби и дискусиите.</td></tr>
<tr><td>ЗАВРШЕН ДЕЛ<br>5 МИН.</td><td>• Им дава реални и секојдневни ситуации (како контекст), преку кои учениците треба да направат соодветни реченици со употреба на had better (not).<br>• Им дава домашна работа: веж. 10 (стр. 33, функции).</td><td>• Учениците работат во парови.</td></tr>
</table>

*** Предлог дополнителни прашања:** *Do you think there are too many advertisements? Can you think of any brands or products that you don't see advertising for? Which types of brands spend the most money on advertising?*

**** Предлог прашања:** *Which of these do you find easiest/hardest to remember? Have you ever forgotten an important date? Which techniques do you use to help you remember these?*

***** Предлог интернет страница (за примери):**
http://dictionary.cambridge.org/grammar/british-grammar/modals-and-modality/had-better

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 29, 30.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 22**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ___________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 33 – 34

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација, дискусија, дебата.

**Вештини:** Читање, слушање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на рецептивните вештини и флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат употребите на работените модални глаголи, и во даден контекст да го препознаат значењето на непознатите лексички единици.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат (дебатираат) правилно употребувајќи ги модалните глаголи.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со необични имиња дадени на деца од други делови на светот, да направат споредба со ситуацијата во Македонија, и да се разгледаат причините за тој тренд и колку е дозволено во земјите.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст, преку правилната употреба на модалните глаголи.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 22

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Ја проверува домашната работа (веж. 10, стр. 33, функции).<br>• За потсетување на *had better (not)*, може да им даде дополнителни ситуации, а учениците да треба да дадат реченица употребувајќи го *had better (not)*.*<br>• Ги поттикнува на дискусија прво во парови, потоа групна: веж. 12 и 13 (стр. 33, Speaking).<br>• Објаснува непознати лексички единици: *to feel sorry for*. | • Го слушаат аудио материјалот и ја проверуваат домашната работа.<br>• Ги следат упатствата за вежбите. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дискусија прво во парови, потоа групна: кои им се најнеобичните, најсмешните и најомилените прекари на луѓе и зошто; кои се причините за трендот на необични прекари.<br>• Ги води кон веж. 1 (стр. 34) – ги охрабрува и други имиња на познати градови да додадат.<br>• Ги поттикнува на група дискусија за веж. 2 и бара учениците да погодуваат на кои држави припаѓаат чудните имиња на градовите<br>• Дава упатства за веж. 3 – проверува одговори.<br>• Им дава упатства да ги подвлечат сите модални глаголи и да ги анализираат само оние кои се работени (според употребата).<br>• Дава упатства за веж. 4 – проверува одговори.<br>• Објаснува непознат вокабулар од статијата.<br>• Дава упатства за веж. 5: работа во парови.<br>• Ја набљудува работата на секој пар, односно го слуша јазикот и флуентноста на мислата, без поправка на секоја грешка што ќе ја направат. | • Ги следат упатствата за вежбите.<br>• Дебатираат во парови за веж. 5 (едниот ученик ЗА, другиот ученик ПРОТИВ) – парот одлучува кои 2 изјави ќе ги дискутираат. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Пишува еден цитат на табла поврзан со значењето на имињата (или го прикажува на интерактивната табла) за групна дискусија – може и со *Google search images* да се направи пребарување. | • Ги следат упатствата и дискутираат за цитатот/прашањата. |

*** Предлог реченици:** *(1) I have a hole in my shoe and it's raining hard. (2) I totally forgot my friend's birthday! (3) I simply can't remember names of people I meet.*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 23**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): ________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 35, 123, 131

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, ментална мапа, елицитација, дискусија.

**Вештини:** Читање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка на граматички структури, т.е. модалните глаголи *can('t) / must(n't)*, и нивната употреба, како и повторување на контекстуалната употреба на работените модални глаголи, и нивно систематизирање.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги препознаат, формираат и разберат специфичните употреби на модалните глаголи *can('t) / must(n't)*: барање и давање дозвола, забрана.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат употребувајќи ги сите досега работени модални глаголи во правилна форма и точен контекст.
**В) Културолошки:** Да станат учениците свесни за одредени правила, што е дозволено а што не е, како и за културолошки разлики во добри/лоши манири при јадење (*table manners*) за Македонија, В. Британија и Кина.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, препознаат, разликуваат, разберат и применат модалните глаголи за обврзаност, необврзаност, давање совет, барање и давање дозвола, и забрана.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
**2. Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
**5. Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
**2. Индивидуална**
**3. Група**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
**2. Списанија/весници (автентични материјали)**
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
**6. Компјутер (ИКТ)**
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
http://dictionary.cambridge.org/grammar/british-grammar/modals-and-modality/can
http://dictionary.cambridge.org/grammar/british-grammar/modals-and-modality/must
http://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/modal-verbs/ability-permission-requests-and-advice

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 23*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Во текот на претходниот час, веќе им беше дадено на учениците да ги подвлечат сите модални глаголи во статијата (стр. 34), а сега се прави надоврзување на тоа – им дава упатства на учениците да ги напишат модалните глаголи со *can(‘t)* и *must(n’t)* во тетратка, па да ја пополнат веж. 7 (стр. 35, граматика)<br>• Ги објаснува кратките правила кои следат (*Rule*), па веж. 2 – проверува одговори. | • Ги следат упатствата за вежбите и ги пополнуваат правилата (*Rule*). |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Пишува 2 реченици (структурно идентични) на табла и ги прашува учениците за разликата во значењето на *can* во двете.** (во зависност од времето, може да даде примери и за *must/must not*)<br>• Дава упатства за веж. 8 – проверува одговори.<br>• Дава подетално објаснување за формите на *can(‘t)* и *must(n’t)* и ги пишува на табла (потврдна, негативна, прашална форма – за искажување сегашност/идност).<br>• Го поврзува знаењето кое учениците веќе го поседуваат за сите претходно работени модални глаголи – што искажуваат и како се формираат (може да им прикаже и ментална мапа за сите модални глаголи на интерактивната табла).<br>• Ги појаснува специфичните разлики во употребите и нагласува дека контекстот е многу важен.<br>• Дава упатства за втората вежба за *Unit 3* (стр. 123 – *Get it right!*) – проверува одговори.<br>• Дава упатства (1): работа во групи со по 3-4, следи групна дискусија со употреба на модалните глаголи.***<br>• Дава упатства (2): стр. 131 (*Table manners*) и веж. 1.<br>• Наставникот ја набљудува работата на секоја група и ги поправа реченичните грешки кои ги прават. | • Како предлог, може по еден ученик да дојде до табла и да ги запише формите на модалните глаголи (наместо наставникот).<br>• Индивидуално ги изработуваат вежбите од учебникот.<br>• Ги следат упатствата за (1): секоја група добива 2 примера на добри/лоши манири при јадење (*table manners*) и дискутираат.<br>• Ги следат упатствата за (2): индивидуално ги читаат параграфите и во групи работат да поставaт најмалку 4 прашања со модални глаголи – во тетратка. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги поттикнува на дискусија поврзана со добри/лоши манири при јадење во Македонија.<br>• Ги поттикнува на групна дискусија за двата цитата на крајот на стр. 131. | • Дискутираат за прашањата и цитатите. |

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
http://busyteacher.org/classroom_activities-grammar/modal_verbs-worksheets/

**** Предлог реченици:** *I can go to Matt’s party because my parents let me. / Harry is 5 years old and he can swim.*

***** Предлог интернет страница:**
https://www.etiquettescholar.com/dining_etiquette/table_manners/table_manner_tips.html

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 29.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 24**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ___________________________________________________________

Училиште (место): ____________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 35, 120, 135

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Грозд-техника, елицитација, употреба на речник, диктат.

**Вештини:** Говорење, пишување.

***Цели на часот:*** Надоградување на лексичките единици со фокус на изразите со зборот *name*, како и именки кои се употребуваат исклучиво во еднинска или во множинска форма.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го зголемат својот лексички фонд односно да ги разберат значењата на лексичките единици (колокации, изрази) кои го содржат зборот *name*, а и да направат поделба меѓу *singularia tantum* и *pluralia tantum*.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците правилно да ги употребуваат дадените лексички единици, како и правилно да го изговорат *of* на различни места во реченица (*strong and weak forms*).
**В) Културолошки:** Да можат учениците самостојно да водат усна комуникација при што ќе ја одберат соодветната јазична функција во конкретниот социокултурен контекст.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат и разберат главната мисла, но и конкретните информации при усна комуникација или во пишан текст.

**Методи:**

1. Демонстративен
**2. Комуникативен**
3. Метод на игра
**4. Кооперативен**
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
**7. Повторување**
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
**10. Аудио-лингвален**
**11. Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
**2. Индивидуална**
3. Групна
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
**5. ЦД**
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 24

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Го пишува зборот *name* на средина на таблата, и преку грозд-техника се шири овој збор колку што може – ги прашува учениците за анализа: зборовна група, дефиниција, итн.<br>• Ги упатува кон речникот за да го дополнат овој грозд: http://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/name | • Ги следат упатствата за вежбите и работат во парови. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Ги прикажува на интерактивна табла само реченици 1-8 од веж. 9 (стр. 35, вокабулар) и ги прашува учениците за дефинирање на подвлечените изрази.<br>• Дава упатства за веж. 9 и 10 – проверува одговори.<br>• Ги поттикнува учениците да напишат колку што им текнува повеќе изрази со зборот *name*. Време: 2 мин.<br>• Ги пишува сите нивни изрази на табла, ги објаснува (во контекст) и ги упатува кон оваа страна за уште примери: http://dictionary.cambridge.org/search/english/?q=name<br>• Го упатува часот кон именки кои се употребуваат исклучиво во еднинска или во множинска форма – ги прашува учениците за примери и ги пишува на табла.*<br>• Го чита објаснувањето и дава упатства за вежбата за именки на стр. 135 – проверува одговори.<br>• Го насочува часот кон правилен изговор, односно им дава упатства да ги прочитаат на глас речениците во веж. 1 (стр. 120 – *Unit 3*), работа во парови, со фокус на зборот *of*.<br>• Веж. 2 и 3 (наставникот ги чита речениците, со соодветна интонација). | • Ги следат упатствата за вежбите и работат во парови.<br>• Откако наставникот ќе ги прочита речениците (веж. 1, стр. 120), учениците ги повторуваат. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Им дава на учениците диктат (го чита три пати), кој им го враќа прегледан наредниот час – бодување според однапред утврдени критериуми.**<br>• Им дава домашна работа: да го прочитаат извадокот на стр. 36. | • Го пишуваат диктатот на лист, а потоа го предаваат на наставникот. |

*** Објаснување на разликата помеѓу:** *I haven't seen Tim in a while. / I have at least 5 Tims in my mobile phone.*

**** Предлог статија (за читање):** https://www.teachingenglish.org.uk/article/using-dictation

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 30.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 25**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): ________________________________________________

Клас: _________________

Датум: ________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страници од учебникот: 36 – 37

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, дискусија, елицитација, драмска техника *(role-play)*.

**Вештини:** Читање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст, т.е. извадок од книга. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ја разберат суштината на подолг текст, како и конкретни информации, иако содржи непознати лексички единици (преку техники за читање).
**Б) Комуникативни:** Говорна продукција: Да можат учениците самостојно поопширно да комуницираат (усно), односно да продуцираат јазични единици и граматички структури соодветни за ова ниво (според изработениот материјал).
**В) Културолошки:** Да можат учениците да развијат љубопитност и интерес кон литературата напишана на англиски јазик.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла во подолг текст, но и конкретните информации, и притоа соодветно да одговорат на прашања поврзани со текстот.

**Методи:**

1. Демонстративен
**2. Комуникативен**
3. Метод на игра
**4. Кооперативен**
**5. Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
**10. Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
**2. Индивидуална**
3. Групна
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 25*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| ВОВЕДЕН ДЕЛ<br>10 МИН. | • Им ги враќа диктатите од претходниот час.<br>• На интерактивна табла им ги прикажува на учениците сликите од стр. 36 и ги поттикнува на дискусија прво во парови, а потоа групна – нивни размислувања за што ќе се случува во книгата.<br>• Дополнително ги прашува дали тие читаат во слободно време, кои жанрови, итн.<br>• На табла ги запишува лексичките единици кои учениците ги произведуваат. | • Ги следат упатствата и откако наставникот ќе ги напише речениците на табла, тие дискутираат за можниот тек на случувањата во книгата – работа во парови. |
| ГЛАВЕН ДЕЛ<br>25-30 МИН. | • Ги упатува кон извадокот од книгата (стр. 36) и дава упатства за прво читање само на првиот краток извадок, по што следи слушање на тој дел додека истовремено го следат.<br>• Ги упатува кон веж. 1 – проверува одговори.<br>• Им потенцира да го следат внимателно вториот дел од извадокот веж.2(стр 36) – читање + слушање во исто време.<br>• Дава инструкции за веж.3 (стр.36-true /false)реченици<br>• Им поставува прашања за дискусија.**<br>• За да го провери вокабуларот од целиот извадок, запишува кратки дефиниции/синоними на табла за зборови/изрази од извадокот кои тие треба да ги најдат и подвлечат.<br>• За да ја провери граматиката, им дава упатства да најдат 9 примери за *irregular past tenses*, 9 за *past perfect* и 2 за *past continuous*. | • Учениците индивидуално го читаат и следат извадокот, но работат во парови за веж. 1 и 2: не само што мора да дадат одговор туку и треба да го најдат во извадокот.<br>• Работат во парови за останатите вежби. |
| ЗАВРШЕН ДЕЛ<br>5 МИН. | • Веж. 4 (стр. 37) – групна дискусија. | • Учениците даваат свои размислувања. |

*** Предлог вежби (со претходна подготовка на наставникот) + статија за читање:**
http://www.onestopenglish.com/methodology/methodology/teaching-materials/teaching-materials-using-readers-in-the-efl/esl-classroom-1/146513.article
http://www.teachingenglish.org.uk/blogs/rachael-roberts/rachael-roberts-learning-vocabulary-through-reading

**** Предлог прашања:** *What kind of a person is Tess? Do you like her? (Why/Why not?) What does Grant think of her? (Why?) What kind of a person is Grant?*

## THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)
## Краткорочно планирање
### Оперативен план за час: 26

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): ________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT'S IN A NAME?**
Страница од учебникот: 37

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација.

**Вештини:** Пишување.

***Цели на часот:*** Пишување на писмо во кое се дава совет/предлог *(advice letter)* со примена на соодветни јазични елементи, реченична структура и интерпункциски знаци.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ја одберат точната лексика, да бидат прецизни во изборот на глаголски времиња/реченични конструкции и правопис, и да бидат запознаени со интерпункциските знаци.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да дадат совет/предлог како одговор на претходно писмо во кое се бара совет/предлог преку правилна употреба на лексика, и да продуцираат структурирана пишана мисла преку граматички точни реченици и правилно поставени интерпункциски знаци.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците вештини за давање структуриран совет/предлог и начини на кои би искажале емпатија во пишана јазична форма.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да резимираат и да дадат конкретни совети/предлози во вид на организиран и кохерентен пишан текст (неутрален регистар).

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
**4. Кооперативен**
**5. Текстуален**
**6. Метод на практична работа**
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
**13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)**
14. Интерактивен

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
**3. Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 26

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 3 МИН.** | • Ги потсетува на дискусијата од пред некој час за *Agony Aunt / Agony Uncle* и се надоврзува на целта на овој час.<br>• Ги поттикнува на групна дискусија за *advice letters*. | • Учениците дискутираат за нивното знаење за *advice letters*. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 32-37 МИН.** | • Не ги објаснува директно чекорите во пишување писмо од овој тип, туку преку учениците првично сами да го прочитаат писмото и одговорот на стр. 37, па преку веж. 1, 2 и 3 (работа во парови), тие доаѓаат до свои сознанија за структурата на текст од овој тип и јазичните карактеристики на неутралниот регистар – наставникот само им дава насока каде да ги бараат одговорите.<br>• Ги резимира и пишува на табла чекорите на пишување на писмо од овој тип.<br>• Им укажува на блиската врска помеѓу вокабуларот и правилната граматика, особено тоа што е работено досега.<br>• Дава упатства за веж. 4 и 5 – работа во групи со по 3-4.<br>• Напоменува колку време имаат и дека треба да се предадат на наставникот на крајот на часот.<br>• Ги потсетува да внимаваат на поставените интерпункциски знаци. | • Учениците работат во парови за веж. 1, 2 и 3.<br>• Учениците работат во групи со по 3-4 за веж. 4 и 5. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги потсетува на останатото време.<br>• Ги собира текстовите на сите групи, ги прегледува надвор од наставата и им ги враќа на часот после тестот со коментари и бодови според однапред утврдени критериуми, за кои учениците се запознаени.*<br>• Ги потсетува учениците дека нивното јазично знаење ќе биде проверено наредниот час преку писмен тест, и прави заокружување на материјалот од третата тематска целина.** | • Ги запишуваат сите точки од материјалот за повторување дома. |

*** Критериуми:** *исполнетост на задачата (task completion), комуникативна цел (communicative purpose), јазични средства (language), кохерентност (coherence).*

**** Предлог:** *Утврдувањето за оваа целина може да се спроведе после четвртата тематска целина (3+4).*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 27**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): _____________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 (Unit 3): WHAT’S IN A NAME?**

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
**4. Час за проверување и оценување на знаењата**
5. Комбиниран час

***Цели на часот:*** Писмена проверка на знаењата од третата тематска целина *(Unit 3)*.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Групна
4. Работа во парови

# ТЕК НА ЧАСОТ: 27

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ 40-45 МИН. | • Дава упатства, детаљи и насоки за начинот на кој треба да се сработи секој дел од писмената проверка, какви се очекувањата и кои се критериумите за оценување.<br>• Ја следи работата на учениците и дава дополнителни насоки и упатства доколку е неопходно.<br>• На редовни интервали ги потсетува учениците за тоа колку време имаат до крајот на часот.<br>• Ги собира писмените задачи. | • Ги следат упатствата на наставникот и поставуваат прашања, доколку имаат.<br>• Внимателно ги следат упатствата и индивидуално даваат одговори на задачите, а доколку е потребно се консултираат со наставникот.<br>• Пред крајот на часот, го проверуваат сработеното и го предаваат кај наставникот. |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**